Воведување на ново правило во ФФМ детски фудбалски лиги

Три корнери – скратен корнер

* Правила

1. По вториот корнер (третиот и секој следен) за било која од екипите се до крајот на тековното полувреме, наместо нормален корнер ќе се изведува скратен корнер.

2. Скратените корнери се изведуваат од двете точки каде двете странични линии на шеснаесетникот се спојуваат со гол-аут линијата (од лево и од десно од голот).

3. Играчот на кого му се додава топката од соиграч при скратен корнер и кој има можност да шутира, да додаде или да центрира има право на максимум два допири на топката вклучувајќи го и шутот, додавањето, центаршутот кон голот).

4. Играчот на кого му се додава топката може истата да ја прими било каде **ВО** обележаниот простор од 30 метри(пред шеснаесетник, странично од шеснаесетник, покрај гол-аут и аут линија итн.) но единствено **надвор** од шеснаесетникот.

5. Сите останати играчи од двете екипи не смејат да се вклучат во игра се до првиот допир на топката на играчот кој ќе шутира кон противничкиот гол и се до тој момент стојат позади испрекината линија обележана на 30 метри.

6. Вториот допир на играчот кој шутира односно ударот кон голот, центаршутот во шеснаесетникот или додавањето кон соиграч не смее да се случи во шеснаесетникот и надворешните рабови од шеснаесетникот се границата до која играчот кој шутира/додава/центрира смее да си ја поттурне топката од прва и до која тој мора да го упати ударот/центаршутот или додавањето од втора.

7. Во случај ударот/додавањето/центаршутот да се случи **ВО** шеснаесетникот топката и се одзема на екипата во напад со тоа што се досудува слободен удар за екипата која е во одбрана.

8. Во ситуација кога ударот кон голот/центаршутот или додавањето кон соиграчите доаѓа по веќе направени два допири со топка од страна на играчот кој ја прима топката по скратениот корнер односно од трета, четврта итн.,топката повторно и се одзема на екипата во напад и се досудува слободен удар за екипата која е во одбрана.

9. Секое предвремено влегување во просторот од 30 метри од страна на било кој од играчите од двете екипи кои се наоѓаат позади испрекинатата линијата се санкционира со повторување на скратениот корнер.

10. Секое следно предвремено влегување во просторот од 30 метри од страна на играч кој претходно веќе го направил истото може да доведе до опомена (жолт картон) и до исклучување (црвен картон) што е судиска одлука.

11. Играчот кој го изведува скратениот корнер и играчот кој шутира/центрира/додава немаат право на допир на топка веднаш по ударот кон голот и имаат право повторно да се вклучат во игра веднаш по контактот со топка од страна на било кој играч кој се наоѓал позади испрекинатата линија.

12. По удар вон рамките на голот топката се доделува на екипата во одбрана; по топка одбранета од голманот во поле се продолжува со активна игра (со исклучок на играчите наведени под точка бр. 10) според она што е споменато во претходните точки; при топка одбранета и исфрлена од голман во корнер се досудува повторен скратен корнер (истото се повторува се додека екипата во која се брани не дојде во посед на топка).

13. По вториот секој следен корнер за една од екипите значи скратен корнер за истата и истото се повторува се до крајот на тековното полувреме (доколку се работи за прво полувреме а во второто корнерите започнуваат одново да се бројат од 0).

* Позитивни страни:

- Подинамична игра
- Повеќе голови, токму она што ги влече младите
- Поатрактивна игра
- Стимулира напаѓачка игра и создавање навика за игра(пресинг) во трета зона
- Стимулира подобра техника кај играчите во напад а особено кај оние во одбрана
- Стимулира задржување на топката во поле и изнаоѓање на друго решение од одбранбените играчи наместо исфрлање во корнер
- Стимулира на зголемена концентрација кај одбранбените играчи и кај голманите

* Визуелен поглед на неколку можни ситуации при ново правило, секоја прикажана во три моменти:

СИТУАЦИЈА 1



Момент 1
Додавање/центаршут од скратен корнер (7 додава кон 10) и позиција на останати играчи(црвени и сини) позади испрекината линија се до прв допир на топка од бр. 10



Момент 2
Прв допир на топка од бр. 10 и поттрунување(двојна стрелка) и дозволено движење на играчи кон шеснаесетник(единечни стрелки) по прв допир од бр. 10.



Момент 3
Удар кон гол од бр. 10 и освојување на простор од останати играчи. Бр. 7 и бр. 10 немаат право на игра веднаш по шут на гол и се вклучуваат во игра по допирот на топка од страна на било кој од останатите играчи

СИТУАЦИЈА 2



Прв момент
Додавање од скратен корнер (7 додава кон 10) и позиција на останати играчи(црвени и сини) позади испрекината линија се до прв допир на топка од бр. 10



Втор момент
Прв допир на топка од бр. 10 и поттрунување(двојна стрелка),движење на играч со бр. 7 надвор од 30 метри (единечна стрелка) и дозволено движење на играчи кон шеснаесетник (единечни стрелки) во завземање позиции пред центаршут а по прв допир од бр. 10



Трет момент
Центаршут на бр. 10 (двојна стрелка) и негово движење надвор од 30 метри (единечна стрелка). Позиционирање на сини во обид да упатат удар кон гол и позиционирање на црвени во обид да се одбранат по центаршут. Бр. 7 и бр. 10 се вклучуваат во игра по допирот на топка од страна на било кој од останатите играчи кои биле позиционирани позади 30 метри.

Ситуација 3



Момент 1
Додавање од скратен корнер (7 додава кон 10) и позиција на останати играчи(црвени и сини) позади испрекината линија се до прв допир на топка од бр. 10



Момент 2
Прв допир на топка од бр. 10 и удар кон гол од втора(двојна стрелка),движење на играч со бр. 7 надвор од 30 метри (единечна стрелка) и дозволено движење на играчи кон шеснаесетник (единечни стрелки) во завземање позиции за по можна одбиена топка. Движење на играчи во шеснаесетник по прв допир од бр. 10.



Момент 3
Движење на бр. 10 (единечна стрелка) надвор од 30 метри. Позиционирање на бр. 7 надвор од 30 метри. Сини во обид да упатат удар од втора по одбиена топка кон гол а црвени во обид да исфрлат по одбиена топка. Бр. 7 и бр. 10 се вклучуваат во игра по допирот на топка од страна на било кој од останатите играчи кои биле позиционирани позади 30 метри.

Ситуација 4



Момент 1
Додавање од скратен корнер (7 додава кон 10) и позиција на останати играчи(црвени и сини) позади испрекината линија се до прв допир на топка од бр. 10



Момент 2
Прв допир на топка од бр. 10 и поттурнување на топка за центаршут,ндвижење на играч со бр. 7 надвор од 30 метри(единечна стрелка) и дозволено движење на играчи кон шеснаесетник(единечни стрелки) во завземање позиции за интервенција по центаршут. Движење на играчи во шеснаесетник по прв допир од бр. 10.



Момент 3
Центаршут од страна на бр.10 (двојна стрелка) и негово движење надвор од 30 метри(единечна стрелка). Позиционирање на бр. 7 надвор од 30 метри. Сини во обид да упатат удар кон гол по центаршут а црвени во обид да исфрлат по центаршут. Бр. 7 и бр. 10 се вклучуваат во игра по допирот на топка од страна на било кој од останатите играчи кои биле позиционирани позади 30 метри.

Ситуација 5



Момент 1

Додавање од скратен корнер (7 додава кон 10) и позиција на останати играчи (црвени и сини) позади испрекината линија се до прв допир на топка од бр. 10



Момент 2

Прв допир на топка од бр. 10 и поттурнување (двојна стрелка) на топка пред шут на гол. Позиција до која стигнала топката по прв допир (бел круг). Движење на играч со бр. 7 надвор од 30 метри(единечна стрелка) и дозволено движење на играчи кон шеснаесетник(единечни стрелки) во завземање подобри позиции за интервенција по шут на гол. Движење на играчи во шеснаесетник по прв допир од бр. 10.



Момент 3

Движење на играчи и голман во обид први да стигнат до топка (единечни стрелки).Позиции на бр. 10 и бр. 7 кои немаат право на игра се до допир од трет играч(во спротивно се досудува слободен удар за екипа во одбрана).